ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО
Су.бр.04-33/23
20.12.2023 год.

ВД Претседателот на Основен суд Крушево, Ристо Сотиров, врз основа на член 36 од Законот за судска служба (Сл.весник на РМ бр.43/2014, 33/2015, 98/2015, 198/2018) по спроведената постапка по објавениот Јавен оглас бр.1/2023, за вработување на судски службеник на неопределено време, за работното место помлад судски соработник – 1 извршител, по доставениот Предлог на кандидати за вработување со утврдена Ранг-листа на Комисијата за вработување на судски службеници од 19.12.2023 година, на ден 20.12.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за избор за вработување**

За работното место помлад судски соработник шифра на работно место СУД0101В04001 – 1 извршител, се избира кандидатот:

1. **Марија Николоска Бошкоски со шифра 2023-001**

Решение за вработување на избраниот кандидат ќе се донесе по правосилноста на оваа одлука

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на Основен суд Крушево во дневните весници „ Вечер " и "Коха " од 01.12.2023 година, објавен е Јавен оглас бр.1/2023 за вработување на судски службеник на неопределено време за работното место помлад судски соработник – 1 извршител.

По спроведената постапка за вработување од страна на Комисијата за избор на судски службеници, согласно Законот за судска служба, Законот за изменување и дополнување на Законот за судска служба и Правилникот за критериумите и постапката за селекција и вработување на судските службеници, до Претседателот на судот доставен е Предлог со утврдена Конечна Ранг-листа од 19.12.2023 година.

Со ранг листата за работното место помлад судски соработник, Комисијата за избор на судски службеници го предложи кандидатот Марија Николоска Бошкоски со освоени најмногу бодови после спроведената постапка.

Претседателот имајќи го во предвид Предлогот со утврдена Ранг-листа од 19.12.2023 година, доставен од Комисијата за избор на судски службеници, истиот го прифати и одлучи за работното место помлад судски соработник да биде избрана Марија Николоска Бошкоски од Крушево.

Примерок од одлуката да се достави до избраниот кандидат, останатите кандидати кои не се избрани и истата да се објави на интернет страната и на огласната табла на судот.

Поради горенаведеното Претседателот на ОС Крушево следуваше да одлучи како во изреката на одлуката.

Основен суд Крушево
ВД Претседател
Ристо Сотиров

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба во рок од 8 дена од приемот на известувањето за извршен избор преку овој суд до Советот на судска служба.